# ЗНМ и МВР потпишаа протокол за безбедност на новинари

понеделник, 30 декември 2019, 15:40



Претседателот на Здружението на новинари на Македонија, Младен Чадиковски и министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски денеска го потпишаа Протоколот меѓу ЗНМ и МВР за меѓусебните односи меѓу полициските службеници и медиумските работници, информираат од МВР.

Станува збор за протокол за безбедност во рамките на МВР, којшто треба да води кон зголемување на безбедноста на новинарите при вршењето на нивната професионална дејност во иднина. Протоколот е креиран во рамките на проектот „Безбедни новинари за кредибилни информации", којшто го спроведува ЗНМ, а е поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во земјава.

Годинава на темата безбедност на новинари од страна на ЗНМ биле спроведени шест обуки со припадници на МВР, адвокати, судии, обвинители и новинари. Во рамките на овој проект е изработен Прирачник на безбедност на снимачи и Прирачник за безбедност на дописници во Македонија. Пред неколку дена, ЗНМ ги промовираше и двете публикации „Хроника за (не)безбедноста на новинарите" и „Нападите врз новинарите и медиумските работници на 27 април".

Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.